**Известување за концентрација со која Баумит Бетеилигунген ГмбХ, Република Австрија ќе стекне контрола над МастерМас Сп. з.о.о., Република Полска (предмет бр. 08-60/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 19.03.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Баумит Бетеилигунген ГмбХ, со седиште на адреса Вопфинг 156, 2754 Валдегг, Австрија, ќе стекне единствена контрола над МастерМас Сп. з.о.о., со регистрирано седиште на ул. Јузефа Пилсудскиего 55, Скавина, Полска, по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Баумит Бетеилигунген ГмбХ е производител на градежни материјали и добавувач на брендови за бои, изолација, гипс, системи за реновирање и подни системи, како од сув малтер, така и од пастозни производи. Покрај тоа, друштвото е активно во производството на други градежни производи, маркетингот на овие производи, како и во транспортот и шпедицијата.

Баумит Бетеилигунген ГмбХ е дел од Шмид Индустриехолдинг Г.м.б.Х., Австрија. Шмид Индустриехолдинг Г.м.б.Х., Австрија има едно зависно друштво регистрирано во Северна Македонија, Друштво за производство, трговија и услуги БАУМИТ ДООЕЛ Скопје, со адреса на Јадранска Магистрала бр. 165 Скопје – Бутел, Северна Македонија и активно во снабдувањето со производи на БАУМИТ како што се суви малтери, фасадни системи, изолациски плочи и композитен систем за надворешна топлинска изолација, односно со приоритетна дејност 46.830 – трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема.

МастерМас е полски производител и добавувач на малтери со речиси триесетгодишно искуство во индустријата. Неговите главни производни линии се Класик (*Classic*), Еко Лајн (*Eco Line*), Топ Финиш (*Top Finish*), Премиум (*Premium*) и Конект (*Connect*), како и придружните прајмери Јуниверзал (*Universal*) и Супер Акрилик (*Super Acrylic*).

МастерМас нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар на производи да се дефинира како пазар за производство и снабдување со смеси за израмнување на ѕидови во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.03.2026 година
Скопје